МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Март 2015
БРОЈ 163

## Како се спроведува Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор

МЦМС го издаде новиот Извештај за спроведување на Стратегијата кој се однесува на периодот јуни 2012-декември 2014 година.

Во Извештајот се констатира дека половина (48%) од предвидените мерки во Стратегијата не бележат напредок. Одличен напредок бележат 10% од мерките, додека значителен напредок е постигнат кај 13% од мерките. Кај 13% од мерките има делумен напредок, и кај 12% има мал напредок. Само две мерки се во целост реализирани. Особено е низок степенот на реализација на клучните мерки за развој и одржливост на граѓанското општество.

Одделението за соработка со НВО и Министерството за труд и социјална политика се издвојуваат како носители на мерки, по бројот на реализирани активности во рамки на акцискиот план.

Покрај прегледот на состојбата, Извештајот дава и препораки за спроведување на Стратегијата. Заради поефикасно спроведување на Стратегијата потребно е клучните институции да ги земат предвид препораките од досегашните извештаи и да ги применат.

Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор е донесена во јуни 2012 година и го опфаќа периодот од 2012 до 2017 година. МЦМС континуирано го следи спроведувањето на Стратегијата како дел од нејзиниот придонес кон вкоренето и динамично граѓанско општество кое активно влијае на јавните политики.



## Следење и анализа на ризиците од корупција и организиран криминал



МЦМС заедно со Центарот за изучување на демократијата (ЦСД) од Бугарија на 19 март 2015 г. организираше форум и го презентираше Извештајот за следење и анализа на ризиците од корупција и организиран криминал и три други документи за јавни политики.

Извештајот констатира дека најчести форми на организиран криминал во Македонија се трговијата со дрога, криумчарењето мигранти, а во делот на финансискиот криминал – затајувањето данок и изнудата. Поранливи на ризик од организиран криминал се одделенијата или полициските службеници на граничната и сообраќајнат.

Најчести форми на корупција што ги користи организираниот криминал за влијание на политичарите во Македонија се: поткупот и трговијата со влијание.

Иако 68% од македонските компании сметаат дека службените лица на еден или друг начин преземаат корупциски активности, само 6% од македонските компании преземале мерки со цел да ги открија корупциските случаи. Основна причина како што изјавиле 41,67% од испитаниците е тврдењето дека со нивните активности нема да постигнат ништо, и 37,5% биле уплашени од негативните последици.

Во процесот на јавните набавки според македонските компании најчесто се евидентирани следните недостатоци: тендери со многу краток временски период за наддавање (две недели) (17,7%), тендери со само еден наддавач (11,7%) и тендери, кои содржат техничка спецификација, која може да ја исполни само една компанија на пазарот (9,75%).

Перењето пари во Македонија најчесто е поврзано со финансиски криминал како што се: затајување данок, криумчарење, финансиски измами и измами за приватизација, поткуп и злоупотреба на службена положба.

Анализите на податоците од анкетата со претставници од приватниот сектор покажуваат дека 12,5% од македонските компании, го сметаат перењето пари како релативно честа појава, а 3% од компаниите како многу честа појава. Измамата со данокот на додадена вредност (ДДВ) е многу честа појава за 2,25% од компаниите, релативно честа за 12% од компаниите и многу ретка појава, но сепак појава што постои за 27,5% од компаниите. Сепак, на искуствено ниво, 96,5% односно 92,5% од испитаните компании рекле дека во изминатата година не им била понудена активност поврзана со перење пари или измама со ДДВ.

Клучни индустрии, кои ги идентификувале компаниите како појдовна точка на организираниот криминал се: градежната индустрија, индустријата за управување со отпад, туризмот, компании за обезбедување, индустријата за производство на тутун, итн. Градежништвото и особено недвижниот имот се ризици за перење пари.

Трите документи за јавни политики посветени на студии на случај се однесуваа на: законската и институционална рамка на Бирото за јавни набавки; правната и институционална рамка на работата на Министерството за внатрешни работи (МВР) во областа на корупцијата и организираниот криминал и ризиците од корупција и организиран криминал во приватниот сектор.

МЦМС и ЦИД комбинираа квантитативни и квалитативни методи за прибирање и анализа на податоците меѓу кои една анкета со 400 компании и 40 полу-структурирани интервјуа со релевантни чинители.

## Надлежните институции да постапат по објавените снимени материјали

На 25 март 2015 година, граѓанските организации членки на Платформата за борба против корупцијата упатија повик до надлежните институции да постапат по наводните злоупотреби, незаконито постапување, корупција и нарушување на човековите права кои се наведуваат во објавените телефонски разговори.

Тие побараа да се истражи незаконското прислушување но, исто така, да се испита и содржината на снимките затоа што разговорите укажуваат на можни незаконски активности.

„Бараме содржината на снимките да биде посебно и внимателно испитана, затоа што разговорите укажуваат на можни незаконски активности", рече во обраќањето Миша Поповиќ од Институтот за демократија „Социетас Цивилис". „Без разлика кој е изворот на снимените разговори, содржината сугерира постоење на корупција, вклучително и масовна злоупотреба на службената положба, што се казниви дејствија за кои се гони по службена должност", додаде тој. Членките на Платформата се согласни дека улогата на институциите на системот е незаменлива за уверување на граѓаните дека живеат во држава која е спремна да го штити нивниот интерес, права и слободи.



*И прислушкувањето и содржината на разговорите треба да бидат истражени од институциите*

Платформата ги повика Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата и Судскиот совет да реагираат и да постапат по нивната службена должност.

## Работилница за самооценка на МЦМС

На 12 и 13 март 2015 година во Скопје, се одржа работилница за самооценка на МЦМС. Самооценката се спроведува за потребите на проектот Техничка поддршка на граѓанските организации -ТАКСО чиј ресурсен центар МЦМС е од октомври 2014 година. Таа ќе овозможи да се проценат капацитетите во различни аспекти на организациското делување (стратешки менаџмент, оперативно планирање, застапување, администрација и сл.). На работилницата учествуваа осум претставници на Управниот одбор, Одборот на директори и Извршната канцеларија на МЦМС и дел од тимот за самооценка.



Во процесот се користени два прашалника со кои беа прибрани мислењата и искуството на надворешните засегнати страни (граѓански организации, органи на државна управа, партнери, донатори, соработници, медиуми и сл.), мислењето на тимот за самооценка и други вработени на МЦМС.

На работилницата беа разгледани одговорите на прашалниците кои послужија како основа за дискусија за клучните прашања. Беа одредени приоритетите и следните активности за јакнење на капацитетите на МЦМС кои ќе овозможат понатамошно подобрување на услугите на МЦМС како ресурсен центар кон граѓанските организации.

Оваа самооценка е првиот чекор кон спроведувањето на целокупна надворешна организациска оценка на МЦМС која ќе се спроведува во текот на 2015.



# Прв информативен состанок на грантистите на Цивика мобилитас

На 30 март 2015 година, во МЦМС се одржа првиот информативен состанок со добитниците на институционални грантови од програмата Цивика мобилитас.
На состанокот присуствуваа сите 16 прелиминарно избрани организации, добитници на институционални грантови, тимот на Цивика мобилитас и претставник на донаторот, Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ).

Грантистите беа запознати со пристапот на Цивика мобилитас кој се базира на теоријата на промени. Акцент ќе биде ставен на учењето и споделувањето како основа за растење и зајакнување на организациите кои ќе создадат критична маса која треба да придонесе за општествени промени.

„Основната цел на новата фаза на Цивика мобилитас е да се зајакне односот на организациите со граѓаните", рече во своето обраќање Ибрахим Мехмети, од СДЦ. „Со оваа програма сакаме да ги поддржиме организациите да го прават тоа што веќе го прават, на најдобар можен начин", додаде тој.

Зборувајќи за целите и очекуваните резултати од програмата, претставниците на граѓанските организации побараа повеќе фокус на одржливоста на граѓанските организации и на подобрувањето на овозможувачката околина за нивно функционирање. Беше укажано дека еден од методите што ќе се користи во таканаречената патека на учење ќе бидат и тријадите, односно заедничката соработка на организациите на прашањата за кои ќе имаат ист интерес. Искуството на организациите може да се користи како ресурс во меѓусебното надградување, како и добрите пракси на организациите. Дел од дебатите за важни прашања ќе се одвиваат преку планираните национални и регионални форуми, како и на настаните што ќе ги спроведуваат самите организации.



*Грантистите треба да ги подготват повеќегодишните планови пред да склучат договори*

На грантистите им беше презентиран форматот за Работниот план и за Финансискиот план што треба да бидат подготвени во следниот период, а пред потпишувањето на договорите.

# Граѓанските организации делуваат во релативно овозможувачка околина

Ова го покажа истражувањето спроведено во три клучни области кое МЦМС го презентираше во новиот Извештај за овозможувачка околина за развојот на граѓанското општество кој се однесува на периодот од јануари до ноември 2014.

Во првата област, основни загарантирани законски слободи, се констатира дека правната рамка е солидна и дека правото и слободата на јавен собир значително се практикува. Сепак, забележани се дневнополитички злоупотреби и изолирани случаи на ограничување на просторот на собирање, користење повеќебројно/ несразмерно присуство на полициска сила на мирни собири.

Во рамки на втората област, финансиска одржливост на граѓанските организации, наодите од истражувањето покажуваат дека државното финансирање, вклучително и средствата генерирани од игри на среќа и забавни игри (лотарии) не е реформирано. Отсуствува институционалната поддршка од државата за граѓанските организации, како и кофинансирање на ЕУ и меѓународни проекти. Граѓанските организации се изедначени со другите правни лица во поглед на даночните закони, т.е немаат олеснувања.

Во третата област, односот меѓу владата и граѓанските организации, се упатува на недостиг од политичка волја за суштинска соработка, и покрај преземените првичните чекори за воспоставување совет за развој на граѓанското општество. Дополнително, во овој извештај истакната е важноста од задолжително вклучување на граѓанското општество во процесите на подготовка на закони и креирање политики.




*Грантистите треба да ги подготват повеќегодишните планови пред да склучат договори*

МЦМС втора година по ред го издава Извештајот за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество кој се заснова на следење на состојбите во националното законодавство и политиките важни за развојот на граѓанското општество во Македонија и нивната примена во пракса.

Извештајот е дел од активностите кои се спроведуваат во рамките на проектот „Аквис (Acquis) на Балканското граѓанско општество - Јакнење на потенцијалот и капацитетите на ГО за застапување и лобирање", финансиран од Европската комисија и спроведуван од БЦСДН и членките на БЦСДН, во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Европската мрежа на национални граѓански организации (ЕННА).

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 41а, П.Фах 55, 1060 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.mk | mcms@mcms.mk